Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Центар за управување со кризи**

Дел. Бр. 15-1121/1
12

Центар за
управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ЗА ПЕРИОД 2018 – 2020 ГОДИНА

**ДИРЕКТОР**
**m-r Agron Buxhaku**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ СКОПЈЕ

Скопје, Јануари 2018 година

Во Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи (Центарот) за периодот 2018- 2020 година ги презентираме стратешките приоритети, приоритетните цели, како и приоритетните иницијативи, на Центарот со кои ќе се придонесе во остварувањето на стратешките приоритети на Владата на Р. Македонија и нејзините политики од доменот на управувањето со кризи и намалувањето на ризици од катастрофи во Република Македонија.

Центарот од самиот почеток на своето постоење го развива стратешкото планирање, како модел за интегрално идентификување на потребите за ресурси и нивно поврзување со буџетскиот процес и ограничувањата кои произлегуваат од него. Во тој правец, а со цел исполнување на законската обврска, Центарот, во своето работење, го имплементира и развива Системот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување (СППБИ), како инструмент во процесот на стратешкото, односно среднорочното планирање.

Во процесот на изработката на Нацрт стратешкиот план за периодот 2018- 2020 година, Центарот пристапи кон поставување на своите приоритети и цели и воспостави соодветни програми преку кои ќе се обезбеди јакнење на капацитетите за ефикасна употреба на целокупните ресурси за постигнување на оптимална ефективност во намалувањето на ризиците кои можат да предизвикаат криза или кризна состојба во Републиката или на одредени нејзини делови.

Во овој документ Центарот ги претставува сопствената положба и своите законски надлежности и функции, достигнатиот институционален капацитет на можности и ги дава своите погледи во форма на стратешки приоритети, со што ќе се обезбеди имплементирање на одржлив систем за управување со кризи во Република Македонија, во функција на ефикасна заштита на животот и здравјето на граѓаните, материјалните, природните и културните добра, како и општата безбедност на државата.

Со реализирањето на поставените стратешки приоритети и цели во овој Стратешки план, очекуваме да се зајакнат вкупните капацитети на Центарот и Системот за управување со кризи со што ќе се придонесе во зголемување на нивото на вкупните способности на надлежните институции за превенција и рано предупредување за ризиците кои можат да предизвикаат кризи и кризни состојби, како и поголеми катастрофи во Република Македонија.

**ВОВЕД**

Центарот за управување со кризи, како самостоен орган на државната управа има посебно место и улога во Ситемот за управување со кризи во Република Македонија. Мандадтот на Центарот, (по положба и функција на дирекција, со својство на правно лице) е определен во членот 21 од Законот за Управување со кризи (Сл.веснк на РМ бр. 29/2005 и Сл.весник на РМ бр.36/2011), според кој, Центарот ги врши работите што се однесуваат на обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, консултации и координација во управувањето со кризи; изработување и ажурирање на единствена процена на загрозеност од сите ризици и опасности кои можат да ја загрозат безбедноста на Републиката; предлагање мерки и активности за разрешување на кризи и кризна состојба и врши и други работи утврдени со закон, воедно е и носител на вкупната поддршка (стручна, организациска, административна и друга) на Управувачкиот комитет и Групата за процена, како Владини тела кои управуваат со системот за управување со кризи.

Имајќи ја предвид ваквата законска поставеност на институцијата, процесот на стратешкото планирање во Центарот, покрај тоа што е посебно насочен кон сопствените приоритети и цели, има и поширока координативна функција со активности кои ги планираат и спроведуваат останатите субјекти во Системот за управување со кризи.

Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи за период 2018-2020 година, согласно Правилникот за Планирање, програмирање, буџетирање и извршување (ППБИ) и Мапата на процес "Стратешко планирање во Центарот за управување со кризи "број 15-2559/1 од 23.09.2015 година, претставува среднорочен план каде јасно се изразени приоритетите кои ќе се остваруваат во наведениот период и претставува план на конкретни активности во кој се поставени општите и посебните цели на Центарот, програмите врз кои е ставен посебен акцент и активностите кои треба да се преземат.

Согласно Упатството за начинот, содржината и формата на подготвување на стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа, Прирачникот за стратешко планирање,, Методологијата за стратешко планирање и подготвување на годишната програма за работа на Владата на Р. Македонија и Насоките за изработка на стратешките планови, дадени од Секторот за стратешко планирање и следење при Генералниот секретаријат на Владата на Р.Македонија, Стратешкиот план на Центарот за периодот 2018-2020 година, ги содржи и потесно ги разработува следните точки:

1. Мисија на Центарот,
2. Визија на Центарот,

3. Задачи и обврски на Центарот,
4. Специфичност на Центарот,
5. Структура на Центарот,
6. Односи со органите во состав,
7. Приоритети и цели на Центарот за периодот 2017-2019 година,
8. Осврт на постигнатите резултати во 2015 година,
9. Осврт на постигнатите резултати во 2016 година
10. Програми за реализација на поставените цели и приоритети,
11. Обезбедување на финансиски средства за реализација на програмите,
12. План за спроведување.

## 1. Мисија на центарот

Мисијата на Центарот се состои во обезбедување на постојано ниво на комуникација, координација, консултации и меѓуресорска размена на податоци, во функција на подготвеност и интероперабилност на субјектите што се дел од системот за превенција и рано предупредување од ризици и опасности кои можат да предизвикаат одредени катастрофи и кризни состојби, како и да обезбеди координирано справување и надминување на последиците од настани и појави кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето, природните, материјалните и културните добра и општата безбедност на Републиката.

## 2. Визија на центарот

Визијата на Центарот е насочена кон изградба на Систем за управување со кризи во Република Македонија, со респектабилни капацитети и способности, втемелен на висока професионалност, посветеност и подготвеност на поединците и субјектите кои го чинат истиот, со цел

обезбедување на оптимални услови за безбедна животна и работна средина, како и услови за економски и социјален просперитет на државата.

3. **Задачи и обврски на Центарот за управување со кризи**

Центарот за управување со кризи, како самостојна Владина институција, има посебна положба и стратешка функција во насока на обезбедување на постојана координација со сите субјекти, во чија надлежност е следењето на појавите и состојбите кои можат да предизвикаат несреќи и катастрофи од пошироки размери, по животот и здравјето на граѓаните, природните, материјалните и културните добра на државата.

Во таа насока и во наредниот среднорочен период, Центарот има задачи и обврски да презема активности во извршување на работите кои се однесуваат на:

3.1. Обезбедување на целосна организациска, административна и стручна подршка на Владините тела во чија надлежност е управувањето со Системот за управување со кризи (Управувачки комитет, Група за процена) и останатите субјекти кои извршуваат посебни задачи и надлежности во рамките на системот;

3.2. Административно-стручна и техничка поддршка на Главниот штаб, како оперативно и стручно тело, кое раководи со оперативните активности за справување со настанати несреќи и катастрофи на територијата на Република Македонија, како и со отстранување на предизвиканите штети и последици;

3.3. Обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, што подразбира одржување на постојани комуникации, консултации и размена на информации, заради ефикасна координација во процесот на превенција, рано предупредување и справување со ризици и опасности кои можат да предизвикаат криза и да ја загрозат безбедноста на граѓаните, материјалните добра, културните добра, животната средина и безбедноста на Република Македонија;

3.4. Обезбедување континиурана стручна подршка на Единиците на локалната управа и другите органи и структури на локално ниво преку персоналните, материјално-техничките, организациските и други капацитети на Регионалните центри за управување со кризи.

3.5. Прибирање на податоци и информации во организирана меѓуресорска постапка, нивна анализа и обработка, и нивно соодветно документирање, со цел изработка и ажурирање на единствена процена од сите ризици и опасности по безбедноста на Републиката, општините и градот Скопје, како основа за преземање на соодветни мерки и активности за подготовка на субјектите во Системот за управување со кризи;

3.6. Обезбедување на финансиски средства надвор од буџетот за воспоставување, управување и одржување на комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување 195 (во иднина единствен Европски број за итни повици Е-112 ) за сите итни состојби во случај на несреќи и непогоди предизвикани од различни ризици и опасности;

3.7. Усовршување и одржување на соодветен систем за известување и јавно тревожење на населението и надлежните субјекти во случај на појави кои претставуваат ризици и опасности по животот и здравјето на граѓаните и општата безбедност на државата и можат да предизвикаат криза на одредени делови или кризна состојба во целата Република;

3.8. Соработка со агенциите на Организацијата на обединетите нации, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Европската унија, НАТО, со странските амбасади во земјата, Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина и други меѓународни хуманитарни организации, како и со други инситуции од други држави во чија надлежност е извршување на работи од пошироката областа на кризниот менаџмент;

3.9. Подготовка и реализација на обуки, вежби и други активности за лицата и субјектите кои извршуваат задачи во Центарот и за останатите учесници во системот за управување со кризи;

3.10.Обезбедување транспарентност и градење јавна свест за индивидуалната, колективната и институционалната одговорност за превенција и за соодветно однесување при настанати несреќи и катастрофи;

3.11.Преку спроведување на политиките на Владата на Р.Македонија, да обезбеди подеднаква и рамноправна етничка и родова застапеност во системот за управување со кризи, согласно препораките на меѓународните организации и регулативите на ЕУ,

3.12. Други задачи, обврски и активности на Центарот.

**4. Специфичност на Центарот за управување со кризи**

Центарот за управување со кризи е самостоен орган на државната управа, по положба и функција на дирекција. Со Центарот раководи директор кој го именува Владата на Р. Македонија. Неговата основна надлежност е организација и спроведување на мерки и активности со кои се обезбедува превенција, рано предупредување и справување со појави кои претставуваат ризик за животот на луѓето и животните, материјалните добра, како и природните и културните вредности на државата.

Специфичноста во извршувањето на своите задачи и обврски, се состои во остварување на постојана комуникација и координација со сите органи на државната управа, органите на државната власт, Армијата на Република Македонија, силите за заштита и спасување, органите на општините и градот Скопје, јавните претпријатија, јавните установи и служби, научните институции, трговските друштва од посебен интерес, граѓаните, здруженијата на граѓани, Црвениот крст на РМ, средствата за јавно информирање, како и со претставници на меѓународни хуманитарни организации и институции од други држави во чија надлежност се работите поврзани со превенција и рано предупредување за различни ризици и опасности, како и справување и надминување на последици од настанати несреќи и катастрофи.

Покрај извршувањето на редовните законски надлежности, Центарот за управување со кризи обезбедува административно-стручна и техничка поддршка во имплементацијата на Национална платформа на Република Македонија за намалување на ризици од несреќи и катастрофи (трето ревидирано издание ), како дополнителен механизам за меѓуресорска соработка во областа на управувањето со кризи.

## 5.Структура на Центарот за управување со кризи

Врз основа на членот 27 од Законот за управување со кризи ("Службен весник на РМ" бр.29/2005 и 36/2011), директорот на Центарот донесува "Правилник за организација и работа на Центарот за управување со кризи". Заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја и координирање и контрола на работите и задачите, во Центарот се формираат внатрешни организациски структури. Нивниот вид и број се определува според карактерот, обемот, сродноста, одговорноста и сложеноста на работата, како и други услови неопходни за ефективно и ефикасно извршување на работите и работните задачи.

Организациската структура во Центарот е поставена во сектори и одделенија, и тоа:

**5.1. Сектор за подршка на директорот, заменик директорот и владините тела во системот за управување со кризи, со следните одделенија:**

- 5.1.1. Одделение за поддршка на директорот и заменик на директорот,
- 5.1.2. Одделение за односи со јавност и протокол,
- 5.1.3. Одделение за поддршка на Управувачки комитет, Групата за процена и Главниот штаб,
- 5.1.4. Одделение за безбедност и соработка со безбедносни служби.
- 5.1.5. Одделение за медиумска продукција

**5.2. Сектор за правни, општи работи и инспекциски надзор, со следните одделенија:**

- 5.2.1. Одделение за правни работи,
- 5.2.2 Одделение за архивски и општи работи,

5.2.3. Одделение за инспекциски надзор,

**5.3. Сектор за финансиски прашања, со следните одделенија** :

5.3.1 Одделение за буџетска координација,
5.3.2 Одделение за буџетска контрола,
5.3.3 Одделение за сметководство и плаќања,
5.3.4 Одделение за јавни набавки.

**5.4. Сектор за информатика и телекомуникации, со следните одделенија:**

5.4.1. Одделение за информатика,
5.4.2. Одделение за телекомуникаци,

**5.5. Сектор за меѓународна соработка, со следните одделенија:**

5.5.1. Одделение за билатерална и регионална соработка,
5.5.2. Одделение за мултилатерална соработка
5.5.3. Одделение за НАТО и странски класифицирани информации.

**5.6. Сектор за операции и координација, со следните одделенија :**

5.6.1. Одделение за Дежурен оперативен центар (ДОЦ) и криптозаштита,
5.6.2. Одделение за оперативна координација, подготовки на субјектите во СУК и евиденција на ресурси,
5.6.3 Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности - РЦУК Скопје
5.6.3.1 Подрачно одделение - РЦУК Центар
5.6.3.2 Подрачно одделение - РЦУК Кисела Вода
5.6.3.3 Подрачно одделение - РЦУК Карпош
5.6.3.4 Подрачно одделение - РЦУК Гази Баба
5.6.3.5 Подрачно одделение - РЦУК Чаир

5.6.4. Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности - РЦУК Куманово
5.6.4.1. Подрачно одделение РЦУК Крива Паланка
5.6.4.2. Подрачно одделение - РЦУК Кратово

5.6.5. Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности - РЦУК Штип
5.6.5.1. Подрачно одделение РЦУК Кочани
5.6.5.2. Подрачно одделение - РЦУК Берово

5.6.5. 3.Подрачно одделение -РЦУК Делчево
5.6.5.4 Подрачно одделение - РЦУК Виница
5.6.5.5. Подрачно одделение - РЦУК Пробиштип

5.6.6 Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности - РЦУК Струмица
5.6.6.1. Подрачно одделение - РЦУК Радовиш
5.6.6.2. Подрачно одделение - РЦУК Гевгелија
5.6.6.3. Подрачно одделение - РЦУК Валандово

5.6.7. Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности – РЦУК Велес
5.6.7.1 Подрачно одделение - РЦУК Кавадарци
5.6.7.2. Подрачно одделение - РЦУК Неготино
5.6.7.3. Подрачно одделение -РЦУК Свети Николе

5.6.8. Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности - РЦУК Битола
5.6.8.1 Подрачно одделение - РЦУК Прилеп
5.6.8.2. Подрачно одделение - РЦУК Ресен
5.6.8.3. Подрачно одделение - РЦУК Демир Хисар
5.6.8.4. Подрачно одделение - РЦУК Крушево

5.6.9. Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности – РЦУК Охрид
5.6.9.1. Подрачно одделение -РЦУК Струга
5.6.9.2. Подрачно одделение - РЦУК Кичево
5.6.9.3. Подрачно одделение - РЦУК Дебар
5.6.9.4. Подрачно одделение -РЦУК Македонски Брод
5.6.9.5. Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности - РЦУК Тетово
5.6.9.6. Подрачно одделение - РЦУК Гостивар

**5.7. Сектор за аналитика, процени и стратешко планирање, со следните одделенија :**

5.7.1 Одделение за истражување на информации и документација (ИНДОК),
5.7.2 Одделение за аналитика и процени,
5.7.3 Одделение за стратешко планирање и програмирање.

**5.8. Самостојни одделенија во ЦУК:**

5.8.1 Одделение за управување со човечки ресурси,
5.8.2 Одделение за внатрешна ревизија.

## 6. Односи со органите во составот

Центарот за управување со кризи во својата внатрешна структура нема органи во состав.

## 7. Приоритети и цели на Центарот за управување со кризи за периодот 2018-2020 година

Во наредниот планирачки период 2018 – 2020 година, ЦУК ќе се продолжи со имплементацијата на следните **Стратешки приоритети**:

7.1 Продолжување со изградба и развивање на капацитети и способности на Системот за управување со кризи во Република Македониј, за навремен и координиран одговор на институциите за намалување на сите ризици и опасности од катастрофи кој ќе биде компатибилен со системите за кризен менаџмент кај земјите членки на НАТО и ЕУ,

7.2. Воспоставување на единствен комуникациско-информациски систем во Р. Македонија, со примена на карактеристичниот Европски повикувачки број за итни повици Е-112, со потребните негови потсистеми (ГИС, СЈТ и други).

7.3. Продолжување на соработката со УНИСДР и преземање на активности во рамките на имплементацијата на третото ревидирано издание на Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од катастрофи,

Заради достигнување на поставените стратешки приоритети, ЦУК ги поставува следните

**Приоритени цели:**

7.1.1. Зајакнување на организациските, институционалните и функционалните капацитети на ЦУК, за обезбедување на целосна подршка на владините тела во Системот за управување со кризи,

7.1.2. Достигнување на потребните капацитети за планирање, организација и координација со мерките и активностите за превенција и справување со ризици од катастрофи,

7.1.3. Обезбедување, развивање и унапредување на систем за рано преупредување, преку следење, анализа и процена на ризиците и опасностите кои ја загрозуваат безбедноста на Р. Македонија,

Во функција на подетално следење на реализацијата на поставените стратешки приоритети и цели, капацитетите на ЦУК во наредниот

5. Ажурирање на воспоставениот регистер на ресурси (човечки и материјално-технички) за превенција, рано предупредување и справување со различни ризици и опасности,

6. Продолжување со инвенторизација на елементите на ризик (објекти, инфраструктура, ресурси и др.)

7. Донесување и имплементација на стратегијата за намалување на ризици од несрќи и катастрофи согласно имплементацијата на редефинираната Националната платформа (трето ревидирано издание),

8. Надоградување на воспоставениот Географски информациски систем (ГИС) во ЦУК, како оперативна и аналитичка алатка за справување со различни опасност,и

**8. Осврт на постигнатите резултати во претходната – 2016 година**

- Обезбедена е административно- стручна подршка за одржување на 31 седница на Главниот штаб за управување со кризи, за 11 седници на Управувачкиот комитет и 4 седници на Групата за процена,
- Изработени се 12 месечни билтени во електронска верзија, извршено фотодокументирање на настани и активности и поставување на специјализирани видеосодржини на ВЕБ страницата на Центарот,
- Извршени се 69 инспекциски надзори во субјектите во Системот за управување си кризи,
- Во 2016 година реализирани се 50 специјализирани обуки со учество на 119 вработени од Центарот и субјектите во СУК,
- Во рамките на меѓународната соработка, во овој период реализирани се стручни усовршувања на вработени во Центарт, преку присуство на семинари, конференции, средби и работни посети во рамките на реализацијата на тренинг програмата за трети земји "Развој на интегриран систем за превенција и рано предупредување од шумски пожари "
- Преку УНХЦР, Меѓународната организација за миграција, делегацијата на ЕУ во Р.Македонија и Црквата "Исус Христос на светиите од подоцнежните дни" обезбедена е донација на едно теренско и четири патнички возила, еден генератор и шеесет персонални компјутери, осум лаптоп компјутери и друга ИТ опрема, во вкупна вредност од 10.531.771,оо денари
- Координација, организација и продолжување со изработката на проектната документација и имплементација на тренинг програмата за трети земји "Развој на интегриран систем за превенција и рано предупредување од шумски пожари" која ќе биде спроведувана од страна на ЈІСА и ЦУК,
- Во соработка со УНДП реализирани се активности од процесот за изработка на Нацрт Стратегија за намалување на ризици од катастрофи. Истата е подготвена за разгледување и усвојување од страна на Владата на Република Македонија,
- Заокружен е процесот на изработка на Процени за загрозеност на безбедноста на територијата на општините и градот Скопје, од сите ризици и опасности (за 3 општини процесот е во завршна фаза, во 2 општини во фаза на донесување и во 75 општини Процените се донесени и усвоени од страна на советите на општините)

- Процесот за изработка на посебниот дел од Процената на загрозеност на безбедноста на Р.Македонија, од сите ризици и катастрофи, е во завршна фаза.

9. **Осврт на постигнатите резултати во 2017 година**

- Реализирани 57 инспекциски надзори и 6 инспекциски контроли во единиците на локалната самоуправа и во јавни и приватни трговски друѓтва и претпријатија од особено значење во Системот за управување со кризи

- Реализирана една техничка работилница во периодот од 06-08.2017 година, во рамките на тренинг програмата "Развој на интегриран систем за превенција и рано предупредување од шумски пожари "

- Реализирана обука за стручно усовршување на високи претставници во Европскиот Центар за безбедносни студии "Џорџ Маршал " во Гармиш-Германија,

- Реализирани планираните активностите од Програмата за трилатерална соработка со Р.Албанија, Р.Косово и Р.Македонија,

- Претставници од ЦУК учествуваа на технички состанок во рамките на регионалниот проект J-Cross во Солун,Р.грција и работен состанок во рамките на пилот проектот " Напредна регионална координација при цивилни итни состојби" во Подгорица,Р.Црна Гора,

- Учество на ГПК за ЕАДРЦЦ вежба во Тузла, Р.БиХ, и учество на 70-ти состанок на Комитетот за постојани кореспонденти на EUP-OPA за големи опасности,

- Учество на работилница SENTINEL 2017, најдобри практики за национална нуклеарна безбедност и учество на состанок за проект "Градење на акциска мрежа за урбана отпорност"

- Учество на НАТО-ЕАДРЦЦ вежба од 25-29.09.2017 година во Р.БиХ,
- Отпочната имплементација на планираните проектни активности во рамките на програмата за обука на Трети земји во соработка со јапонската агенција за меѓународна соработка- JICA,
- Отпочната имплементација на проектните активности во рамките на проектната соработка со МИТ универзитетот од САД-"Next-Generation Incident Comand Sistem".

10. **Програми за реализација на поставените цели и приоритети**

Согласно Законот за управување со кризи, основен извор на финансиски средства, за извршување на законски поставените функции на Центарот, претставува буџетот на Р. Македонија. Во согласност со насоките од Министерството за финансии, а со цел унапредување на започнатиот процес за програмско следење на буџетските расходи во Р. Македонија, извршувањето на буџетот за Центарот се следи преку следните програми, односно

потпрограми:

- **Програма 2** – Управување со кризи - **Потпрограма 20** – Управување со кризи

Оваа буџетска програма,, ги опфаќа сите расходи кои се однесуваат на редовното работење и функционирање на Центарот. Во досегашниот период на финансирање на Центарот, а посебно од 2012-2017 година, од 85-92 % средствата од буџетот беа наменети за плати и надоместоци на вработените, 8-9 % за стоки и услуги, 0,2-0,7 % за субвенции и трансфери и 0,3-0,6 % за капитални расходи

- **Развојна програма 3** - Воспоставување на комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување - **Потпрограма 3А** - Воспоставување на КИС со единствен број на повикување Е-112,

**Развојната програма 3, односно Потпрограмата 3А** ги опфаќа исклучиво средствата за извршување на проектната активност за имплементација на единствениот Европски број за итни повици, Е-112 во Република Македонија, за која во досегашниот период Владата на Р.Македонија сеуште нема донесено конечна одлука. На седница одржана на 14.05.2013 година, Владатата ја разгледа и усвои информацијата за имплементацијата на Е-112 и по трет пат донесе заклучок бр.31-2990/1 да се формира работна фрупа со претставници од ЦУК, МВР, МЗ,МО и МИОА , со цел да се разгледа постојната физибилити студија и да се утврди потребата од евентуално ревидирање на оваа студија или изработка на нова и изнаоѓање на средства за нејзино финансирање надвор од буџетот на ЦУК,

- **Програма К –** Реформа на јавната администрација -**потпрограма К2**- Стручно оспособување и усовршување

Оваа владина програма, односно потпрограма ги опфаќа расходите наменети за стручно оспособување и усовршување на вработените со цел зголемување на квалитетот, капацитетот и професионалноста на јавната администрација која ќе ја има носечката улога во евроатлантските интегративни процеси на земјата.Преку оваа Владина програма, односно потпрограма, во досегашниот период ( од 2010-2017 година ), Владата на Р.Македонија обезбедуваше финансиски средства само за потребите на реализација на Генерички обуки и обуки за стручно оспособување и усовршување на јавната администрација кои Министерството за информатичко општество и администрација ги превзеде во своја надлежност и истото ги планираше и реализираше согласно политиките и одлуките на ВРМ.

Согласно член 29 став 3 од Законот за управување со кризи и Уредбата за организирање , планирање и спроведување на обуки и вежби кои се спроведуваат во системот за управување со кризи (Сл.весник на РМ бр.38/2010 година), Центарот е носител на стручно-специјалистичката обука на вработените во Центарот и субјектите во Системот за управување со кризи од областа на управувањето со кризи и за таа цел неопходно е планирање на потребните финансиски средства за оваа намена, а ВРМ да ги одобри преку буџетот.

## 10. Обезбедување на финансиски средства за реализирање на програмите

Центарот за управување со кризи, согледувајќи ги реалните потреби за обезбедување на финансиски средства за спроведување на своите законски надлежности и функции, доколку се придржува до насоките добиени од Министерството за финасии, со Буџетскиот циркулар и придржувајќи се до **обемот и висината** на финансиски средства (во висина на буџетските средства за 2017), нема да биде во можност истите да ги реализира.Затоа потребните финансиски сретства ги планира во висина на оптималните потреби.

| *ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ* |
|---|
| *А: Оправданост и дизајн на програмата* |
| **Назив на Програмата-Владина програма К "Реформа на јавната администрација -потпрограма К2 " Стручно оспособување и усовршување"** |
| **Цел на Програмата:** Јакнење на стручните капацитети и способности на вработените во Центарот и субјектите во Системот за управување со кризи за намалување на ризици од катастрофи, во сите фази на одговор ( превенција, рано предупредување, справување и отстранување на последиците ) на дел или целата територија на Република Македонија. |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>- Број на реализирани стручно специјалистички обуки од областа на управувањето со кризи за вработените во Центарот и Системот за управување со кризи<br>- Број на планирани и реализирани вежби, на локално, национално и меѓународно ниво, за потребите на Центарот и субјектите во Системот за управување со кризи, |
| **Програмата е: - Хоризонтална** |
| **Образложение:** Програмата произлегува од стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во одлуката за стратешки приоритети за 2018 година - Интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО и приоритетната цел - поддршка на другите државни институции (во случај на природни и други катастрофи)<br>**Приоритети и цели на ЦУК :**<br>1 Продолжување со изградба и развивање на капацитети и способности на Системот за управување со кризи во Република Македониј, за навремен и координиран одговор на институциите за намалување на сите ризици и опасности од катастрофи.кој ќе биде компатибилен со системите за кризен менаџмент кај земјите членки на НАТО и ЕУ,<br>2. Воспоставување на единствен комуникациско-информациски систем во Р. Македонија, со примена на карактеристичниот Европски повикувачки број за итни повици Е-112, со потребните негови потсистеми (ГИС, СЈТ и други).<br>3. Продолжување на соработката со УНИСДР и преземање на активности во рамките на имплементацијата на третото ревидирано издание на Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од катастрофи, |
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:** |

| | |
|---|---|
| - Зајакнување на персоналните капацитети на вработените во ЦУК и субјектите во Системот за управување со кризи (СУК) за брз одговор при катстрофи на дел или целата територија на РМ | **Показател на успешноста:**<br>- Број на реализирани стручно специјалистички обуки за вработените во Центарот и СУК<br>- Број на реализирани вежби, на локално и национално ниво, за потребите на Центарот и субјектите во СУК |

**Б: План за спроведување на Програмата**

**План за спроведување на програмата К "Реформа на јавната администрација -потпрограма К2 " Стручно оспособување и усовршување"**

| *Активност* | *Одговорни* | *Консултирани* | *Временска рамка* | | *Потребни ресурси* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Почеток* | *Крај* | *Човечки* | | | *Финансиски (МКД)* | | |
| | | | | | I година | II година | III година | I година | II година | III година |
| - Реализирање на специјализирани обуки за вработените во ЦУК и СУК | -Сектор за Опер.ации и координац. | -Организ.ед. на ЦУК<br>-Субјекти во СУК | 2018 | 2020 | За вработени согласно ГП за обука на ЦУК | | | **3.153.700,00 денари**<br>**Финансиски средства не се одобрени со буџетот за 2018 г.** | | |
| -Организирање и реализирање на вежби | | | 2018 | 2020 | Вежби планирани согласно ГП за вежби | | | **426.500,00 денари** | | |
| Вкупно активности во I година : 2 | | | | | Нема потреба од нови вработувања | | | 3.580.200,00 денари<br>**Финансиските средства не се одобрени со буџетот за 2018 година** | | |
| Вкупно активности во II година : 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во III година : 2 | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО за потпрограма К-потпрограма К2 : | | | | | | | | | | |

*А: Оправданост и дизајн на програмата*

**Назив на Програмата:** **Н ,, Информациски технологии- потпрограма НА- Развој и имплементација на ИКТ,,**

**Цел на Програмата***:* Обезбедување на услови за работа и непречено оперативно функционирање и реализација на законските обврски на ЦУК преку ИТ надградба на постоечките бази на податоци и нивно користење за брза и квалитетна процена на ризиците од катасрофи и брз и координиран одговор на субјектите во Системот за управување со кризи и намалување на последиците по животот и материјалните добра на луѓето, предизвикани од истите.

**Показатели за успех на Проектот:**

- Број на реализирани тендери и извршени набавки за надградба и набавка на нови ИТ ресурси
- Извршена обука и тестирање на функционалноста на опремата и системот

**Програмата е:** - **Хоризонтална**

**Образложение : Центарот за управување со кризи е во пред-договорна фаза за учество на ИПА проекти финансирани со средства од ИПА II во рамки на** ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија - Грција **(2014-2020)**, кои треба да отпочнат со реализација во текот на 2018 година ,

**Очекувани резултати ( компоненти ) од Програмата:**

| | |
|---|---|
| **ПРОЕКТ 1:** ***„Интегриран оперативен центар за обезбедување хуманитарна помош“,*** | **Показател на успешноста** :<br>-Воспоставен ОЦ за техничка поддршка и управување со операции за обезбедување хуманитарна помош и логистика. |
| **ПРОЕКТ 2: „Заедничка прекугранична соработка за обезбедување на општествата против природни и човечки катастрофи“** | **Показател на успешноста**:<br>-Имплементирани инфраструктурни активности во реката Сакулева во двете земји;<br>-Изготвен и потпишан заеднички прекуграничен акциски план за цивилна заштита во борба против катастрофи и природни непогоди;<br>-Изготвен интегриран план за земјотреси вклучувајќи и планови за евакуација. |

**Б: План за спроведување на Програмата- Проектот**

**План за спроведување на програмата Н „ Информациски технологии- потпрограма НА Развој и имплементација на ИКТ„**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | Почеток | Крај | I година | II година | III година | I година | II година | III Година |
| Доопремување со телекомуникациска опрема | Сектор за ИТК и СОК | | 2018 | 2020 | 2.936.000,00 денари **Финансиските средства ќе се одобрат со буџетот и преку ИПА програмата** | | | | | |
| Доопремување со информатичка и видео опрема | Сектор за ИТК и СОК | | 2018 | 20120 | 7.378.000,00 денари **Финансиските средства ќе се одобрат со буџетот и преку ИПА програмата** | | | | | |
| Вкупно активности во I година : 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во II година : 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во III година : 2 | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО за потпрограма Н-потпрограма НА : | | | | | **10.314.000,00 денари - Финансиските средства ќе се одобрат со буџетот и преку ИПА програмата** | | | | | |
| **3 . Влијание врз човечките ресурси** | | | | | | | | | | |

| Програма | Резиме на потреби од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потреба од обуки |
|---|---|---|---|
| **Програма: К "Реформа на јавната администрација -потпрограма К2 " Стручно оспособување и усовршување"** | Нема потреба од нови вработувања | Потребна е прераспределба на вработените | Има потреба од организирање на обуки |
| **Н „ Информациски технологии- потпрограма НА Развој и имплементација на ИКТ,,** | Нема потреба од нови вработувања | Потребна е прераспределба на вработените | Има потреба од организирање на обуки |

**4.Принцип на правична застапеност**

| Очекувано влијание во I година | Очекувано влијание во II година | Очекувано влијание во III година |
|---|---|---|
| Правичната застапеност во ЦУК ќе се имплементира согласно утрдените и усвоени политики на ВРМ согласно рамковниот договор | ЦУК и во наредната година ќе ги подржува утврдените и усвоени политики на ВРМ согласно рамковниот договор | ЦУК и во третата година ќе ги подржува утврдените и усвоени политики на ВРМ согласно рамковниот договор |

**5.. Развивање на заеднички функции**

| Очекувано влијание во I година | Очекувано влијание во II година | Очекувано влијание во III година |
|---|---|---|
| **Развивање политики и стратешко планирање** | | |
| Во ЦУК согласно Правиникот за внатрешна организација, постои посебна организациона единица - **Одделение за стратешко планирање и програмирање** во рамките на Секторот за аналитика,процени и стратешко планирање | ▲ координира со активностите во процесот на подготовка и изработка на Годишната програма за работа на Центарот, подготвува и изработува анализи-извештаи (месечни и годишни) за реализација на Годишна програма за работа и месечните планови за работа на Центарот, секторот и одделението,<br>▲ доставува предлог иницијатици за подготовка и изработка на Годишен план за работа на Владата на Република Македонија<br>▲ организира,раководи и координира со активностите во процесот на изработка и спроведување на стратешкото планирање<br>▲ предлага политики за управување со човечки ресурси и изработува планови за пополна и модернизација на одделението со потребни материјално-технички ресурси,<br>▲ извршува студиско-аналитички и стручно-оперативни работи во врска со изработка на долгорочни и среднорочни планови и програми за развој на Системот за управување со кризи врз основа на принципите и процедурите од системот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување (СППБИ). | |

<table>
<tr><td></td><td>
- обезбедува постојано следење на расположивите ресурси кои се потребни за реализација на поставените плански активности, нивно евидентирање во единствена база на податоци, алокација на истите и одредување на приоритети и изработува информации и извештаи до носителите на овластувања во системот за управување со кризи, при тоа ги запазува социо-економските аспекти.<br>
- го организира и спроведува процесот на процена на фискалните импликации за програмите од среднорочниот план и врши нивно поврзување со буџетските можности, на Центарот и истражува други алтернативни можности за пристап до финансиски ресурси з исполнување на стратешките цели и приоритети.“<br>
- произведува и користи класифицирани информации.<br>
- Ја следи операционализацијата на механизмите на националната платформа и ги анализира придобивките од истата<br>
- во кризна состојба и по потреба при настанување на загрозување на безбедноста од поголем обем, вработените во одделението извршуваат работи и задачи во посебни услови<br>
- предлага и изработува работни процедури од доменот на надлежноста на одделението,<br>
- изготвува месечен план и извештај за работа на одделението;<br>
- предлага финансиски план за работа на одделението,<br>
- предлага програма за стручно усовршување на вработените во одделението.<br>
- ја следи законската регулатива и подзаконски акти од делокругот на своето работење;<br>
- извршува административно-технички работи и задачи од делокругот на одделението;<br>
- соработува со другите одделенија во Секторот во извршувањето на работите и задачите
</td></tr>
<tr><td colspan="2">Подготвување и извршување на Буџетот и управување со средства</td></tr>
<tr><td>Во ЦУК согласно Правиникот за внатрешна организација, постои посебна организациона единица - Сектор за финансиски прашања</td><td>
- координирање и контролирање на процесот на воспоставување, развој, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола;<br>
- изработување на извештаи за воспоставување, развој, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола;<br>
- изготвување на план за воспоставување на финансиското управување и контрола како и методологија за спроведување на планот ;<br>
- воспоставување и контрола на ревизорска трага,<br>
- изготвување на финансиски планови, извештаи, буџет и други акти од областа на финансиското работење, нивно следење и контрола ;<br>
- изготвување на годишна завршна сметка;<br>
- давање предлози за воспоставување/укинување на ex-ante финансиска контрола со вршење на процена на ризик на процесите на финансиско управување и контрола;
</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | - давање мислење по предлог актите кои имаат или може да имаат финансиски импликации<br>- целосно и навремено прибирање на приходите;<br>- буџетско и финансиско известување;<br>- спроведување на ex ante и ex post финансиска контрола;<br>- вршење сметководствени работи;<br>- грижа за навремено плаќање на превземени обврски;<br>- пресметка и исплата на платите, придонесите и персоналниот данок на вработените во Центарот;<br>- благајничко работење;<br>- дозначување на готовински парични средства за благајната на Центарот и благајните на регионалните центри ;<br>- координација на активности поврзани со утврдување на потребите за јавни набавки;<br>- подготвување на план за јавни набавки и следење на истиот;<br>- координирање и давање инструкции во врска со финансиско-материјалното работење;<br>- изработка на процедури за работа на Секторот, следење на имплементацијата и нивно ажурирање;<br>- изработка на месечни планови и извештаи за работа на Секторот;<br>- управување со материјалните ресурси кои ги има на располагање;<br>- извршување на административно-технички работи и задачи од делокругот на Секторот;<br>- соработка со другите организациски единици во Центарот во извршувањето на работите и задачите на Секторот.<br>- врши други работи од својот делокруг на работа. |
| **Управување со човечки ресурси** | |
| Во ЦУК согласно Правиникот за внатрешна организација, постои посебна организациона единица - **Одделение за управување со човечки ресурси** | - изработува акти за внатрешна организација и систематизација и изменување и дополнување на истите;<br>- подготвува Годишен план за вработување на административните службеници за следната календарска година и Годишен план за обуки;<br>- изработува извештај за реализација на планот за вработување ;<br>- проектира нова струтура на организационите единици;<br>- предлага развој и развојни политики за стратегија на Центарот во областа на управување со човечки ресурси ;<br>- предлага мерки за подобрување на политиката за вработување и селектирање на кадрите и мерки за соодветно распоредување на кадрите на работните места;<br>- води постапка за вработување;<br>- води политики за еднакви можности за работа; |

| | |
|---|---|
| Во ЦУК согласно Правиникот за внатрешна организација, постои посебна организациона единица - **Одделение за управување со човечки ресурси** | • води постапка за унапредување на вработените во Центарот;<br>• подготвува годишен план за стручно усовршување на вработените во Центарот,<br>• изработува годишен план за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Центарот;<br>• го организира и спроведува испитот за административно управување на вработени за унапредување на вработен на работно место од категорија Б;<br>• го организира менторството и менторската работа;<br>• го организира системот за управување со ефектот;<br>• ја организира и спроведува дисциплинската постапка;<br>• врши пријавување и одјавување во Агенцијата за вработување и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија<br>• води евиденција за одливот на персоналот;<br>• дава совети за кариерен развој на вработените и мислења и предлози до нивните претпоставени за наградување согласно законските прописи;<br>• води евиденција на работното време во седиштето на Центарот;<br>• води евиденција и статистика за боледувањата и отсуствата на вработените и информирање на раководителите;<br>• води персонална евиденција на вработените<br>• изработува процедури, решенија, потврди, документи и други акти од обласга на правата и обврските кои произлегуваат од работните односи за човечки ресурси;<br>• организира и спроведува систематски и здравствени прегледи и крводарителски акции;<br>• спроведува постапка за практикантска работа;<br>• остварува контакти со образозни институции и други центри за образование и обука,<br>• организира анкети за ставовите на вработените во Центарот,<br>• работи од делокругот на финансиското управување и контрола на ниво на определен буџет за одделението,<br>• управува со материјално-техничките средства на одделението;<br>• предлага и изработува работни процедури од доменот на надлежноста на одделението<br>• изготвува месечен план и извештај за работа на одделението;<br>• предлага финансиски план за работа на одделението.<br>• предлага програма за стручно усовршување на вработените во одделението;<br>• ја следи законската регулатива и подзаконски акти од делокругот на своето работење;<br>• извршува административно-технички работи и задачи од делокругот на одделението;<br>• соработува со другите оргиназициски единици во извршувањето на работите и задачите;<br>• врши други работи од делокругот на одделението |

| Управување со информациски технологии | |
| --- | --- |
| Во ЦУК согласно Правиникот за внатрешна организација, постои посебна организациона единица - **Сектор за информатика и телекомуникации** | - обезбедување целосна информатичка и телекомуникациска поддршка,<br>- обезбедување техничка поддршка на телекомуникациските системи и на системот за тревожење и на системи и мрежи од доменот на информатиката и системот Е-112.<br>- врши планирање, имплементирање, управување, администрација и одржување на информатичките системи на Центарот;<br>- врши информатичка обука и дава континуирана информатичка поддршка на вработените во Центарот,<br>- одржување на телекомуникациските системи и системите за тревожење на населението, учествува во нивната изградба, развој и модернизацијата;<br>- мониторинг, следење и техничка поддршка за воспоставување на единствен комуникациско-информативен систем Е-112,<br>- работи од делокругот на финансиското управување и контрола на ниво на определен буџет за Секторот<br>- управува со материјално-техничките средства на Секторот<br>- изработка на месечни планови и извештаи за работа на Секторот;<br>- соработка со другите организациски единици,<br>- врши и други работи од делокругот на Секторот, |
| **Внатрешна ревизија** | |
| Во ЦУК согласно Правиникот за внатрешна организација, постои посебна организациона единица - **Одделение за внатрешна ревизија** | - процена на усогласеност на работењето на Центарот во согласност со законите, подзаконските, интерните акти и договори;<br>- процена на функционирањето на системот за внатрешна контрола;<br>- оценување на значајните фактори на ризик и давање совети за нивно намалување ;<br>- проверка на точноста, комплетноста и законитоста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи ;<br>- процена на економичноста, ефикасноста и ефективноста на работењето и користењето на средствата во дефинирана област на активности или програми;<br>- процена на работењето на информативно технолошките системи;<br>- процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, процена и управување со ризиците;<br>- давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури на Центарот, изготвување и донесување на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик,<br>- извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно усвоените ревизорски |

| | |
|---|---|
| | планови,следење на нивното спроведување и изготвување на извештаи од извршените ревизии;<br>- следење на спроведување на мерките преземени од директорот на Центарот и од ревидираните единици врз основа на препораките дадени во ревизорските извештаи;<br>- информирање на директорот на Центарот за постоење на конфликт на интереси при извршување на ревизорската задача;<br>- известување до директорот на Центарот и лицето задолжено за неправилности, за неправилности или сомнежи за измами или корупција, кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка;<br>- изготвување на годишен извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија;<br>- предлага и изработува работни процедури од доменот на надлежноста на одделението.<br>- предлага програма за стручно усовршување на вработените во одделението.<br>- предлага финансиски план за работа на одделението;<br>- изготвува план за материјално-техничко опремување на одделението;<br>- управува со материјално техничките средства на одделението<br>- изготвува месечен план и извештај за работа на одделението;<br>- врши и други работи од делокругот на одделението , |

***Изработил: Митре Десподов***

***Прегледал/Одобрил: Драги Тарчуговски***